**20081302525**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СКЛАДИРАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ЗАПАЛНИ ТЕЧНОСТИ И ГАСОВИ

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 13 октомври 2008 година.

Бр. 07-4499/1
13 октомври 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СКЛАДИРАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ЗАПАЛНИ ТЕЧНОСТИ И ГАСОВИ

Член 1

Во Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови ("Службен весник на СРМ" број 15/76, 51/88 и 19/90 и "Службен весник на Република Македонија" број 12/93 и 66/2007), во членот 24 по ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3, кои гласат:

"По исклучок, лицата од ставот 1 на овој член, не вршат работи на точење на гориво во погонски резервоар на моторни возила на станица за снабдување со гориво без посада.

Станицата од ставот 2 на овој член треба да исполнува посебни безбедносни и заштитни услови за работењето, кои ги пропишува министерот за внатрешни работи."

Член 2

Подзаконскиот пропис предвиден со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".